Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-404/6
Датум: 11-09-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 404/1 од 14.05.2024 година, поднесена од [redacted] за сторена дискриминација врз основ на образование во областа на работата и работните односи против Министерство за внатрешни работи , Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 26.07.2024 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз лицето [redacted] од Штип врз основ на образование во областа на работата и работните односи сторена од страна на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

## Образложение

На 25.04.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08–404/1 од страна на подносителката [redacted] за сторена дискриминација врз основ на образование во областа на работата и работните односи сторена од страна на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

Подносителката на претставката наведува дека е вработена во МВР на РСМ од 31.12.2012 година. Подносителката со предметната претставка има за цел да укаже на нерегуларности при избор на вработен на Интерен оглас на МВР на РСМ објавен на 19.12.2023 година на кој што таа имала конкурирано на две работни позиции интерниот оглас број 22.6-505 од 19.12.2023 година и тоа за:

1. Точка 10: "Главен инспектор" во Отсек за прикриени човечки извори на инфорамции-Штип, Единица за прикриени човечки извори на информации, и
2. Точка 11: "Самостоен инспектор" во Отсек за прикриени човечки извори на инфорамции-Штип, единица за прикриени човечки извори на информации.

Подносителката наведува дека под Точка 10 во огласот е наведено дека се бара лице со завршен Правен факултет, Економски факултет и факултет од областа на безбедност а е вработено лице со педагошки факултет што значи дека приемниот кандидат [redacted] од Штип нема соодветно високо образование. Другиот примен кандидат [redacted] од Штип, за работното место под Точка 11, има само една година работен стаж во МВР на РСМ, а според огласот се бара минимум 4 (четири) години работен стаж во МВР.

Подносителката наведува дека конкурирала на горенаведените работни места затоа што е дипломиран криминалист, завршила Факултет за безбедност во Скопје под Универзитет "Св. Климент Охридски"-Битола со просек 8.97 во 2010 година а магистрирала на Правниот факултет во Штип под Универзитет "Гоце Делчев"-Штип во 2018 година. Смета дека е

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

дискриминирана по основ на образование а исто така по основ на политичка припадност во минатото, бидејќи од 2009 година па се до нејзиното вработување во МВР во 2012 година била политички активна во повеќе органи и тела на ВМРО-ДПМНЕ.

На 07.06.2024 година од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испратено е Известување за произнесување по наводите во претставката заверено под архивски број 08-404/2 до Министерство за внатрешни работи. На 25.07.2024 година до Комисијата пристигна Произнесување по наводите од претставката под Рег. Бр. 236-67656/1 од страна на Министерството. Во одговорот потенцијалниот дискриминатор наведува дека [redacted] има вкупен стаж 28 години и од работно место "инспектор за малолетничка и семејно насилство" во Отсек за економски криминалитет при СВР Штип е унапреден на работно место "главен инспектор" во ОПЧИИ-Штип, Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал. Лицето од 03.07.2019 година е распореден на работно место со високо образование со што истото му е признаено. Понатаму, наведуваат дека работникот [redacted] засновала работен однос во МВР сметано до 10.02.2023 година и во моментот на распоредување имала работно искуство 6 години и 10 месеци. Истата има завршено Правен факултет-7 степен и од работно место „самостоен советник за правни работи и управување со човечки ресурси" во Одделение за заеднички работи при СВР Штип се распределува на работно место "самостоен инспектор" во ОПЧИИ-Штип, Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал. Во однос на наводите кои се однесуваат на тоа дека [redacted] била дискриминирана по основ на политичка припадност, не известуваат дека распоредувањата во Министерството се вршат независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичко и верско уверување и имотната и општествената положба.

Врз основа на наводите во претставката, одговорот по истата, Комисијата ја констатира следната фактичка состојба: подносителката на претставката [redacted] од Штип, конкурирала на Интерен оглас- број 22.6-505 од 19.12.2023 година Точка 10: "главен инспектор" во Отсек за прикриени човечки извори на инфорамции-Штип, Единица за прикриени човечки извори на информации, и Точка 11: "Самостоен инспектор" во Отсек за прикриени човечки извори на инфорамции-Штип, единица за прикриени човечки извори на информации. Согласно условите наведени во огласот, за работното место под точка број 10 се барале 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Факултет од областа на безбедност, Правен факултет или Економски факултет, работно искуство од 5 години и познавање на еден светски јазик и познавање на работа со компјутери. Додека пак за работно место под точка број 11 се барале 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Факултет од областа на безбедност, Правен факултет или Економски факултет, работно искуство од 4 години и познавање на еден светски јазик и познавање на работа со компјутери. Подносителката на претставка која конкурирала на огласот за наведените работни места е вработена во МВР сметано од 31.12.2012 година и во моментот на објава на огласот била на работно место -аналитичар во Отсек за КРА-Штип-ОКА. Истата е со високо образование-Факултет за безбедност-Скопје ,дипломиран криминалист и магистрирала на Правниот факултет во Штип под Универзитет "Гоце Делчев"-Штип. На интерниот оглас под горенаведениот број и датум за работно место под точка 10 е избран

кандидатот [redacted] вработен во МВР, во моментот на објавување на огласот е на работно место Инспектор за семејно насилство и малолетничка деликвенција во Отсек за економски криминал при СВР Штип. Истиот е со високо образование-**Факултет за образовни науки,** што значи дека **нема соодветно високо образование** односно во Огласот се бара завршен факултет од областа на безбедноста, правен факултет или економски факултет.

Понатаму, на интерниот оглас под горенаведениот број и датум за работно место под Точка 11 е избрана кандидатка [redacted] вработена во МВР, во моментот на огласот е на работно место Самостоен советник за правни работи и управување со човечки ресурси во Одделение за заеднички работи ори СВР Штип. Истата е со високо образование-Правен факултет "Јустинијан први" при Универзитет Св. Кирил и Методиј, Магистер по право во областа на казно право. По увидот во пријавата на [redacted] Комисијата констатира дека истата е со 6 години вкупно работно искуство. Во МВР во февруари 2023 година била преземена во СВР Штип на конкретно работно место Самостоен советник за човечки ресурси и правна регулатива на ОЗР. Комисијата констатира дека во Интерниот оглас со телеграма бр. 22.06.-505 од 19.12.2023 година се бара вкупен работен стаж од 4 години, а не е наведено дека вкупниот работен стаж треба да е во МВР како што е наведено во поднесената претставка, па оттука Комисијата смета дека за ова работно место МВР нема извршено дискриминација.

Следствено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај од страна на Министерство за внатрешни работи е сторена директна дискриминација врз основа на образование, во областа на работа и работни односи. Наведеното со обележја на акт на дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација според кој "***дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други***", а во врска со член 5 од истиот закон согласно кој "***се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа***".

Во таа смислам согласно член 21 став 1 точка 14, а во врска со член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги дава следните

## ПРЕПОРАКИ

1. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерство за внатрешни работи да ги отстрани последиците настанати како резултат на сторена директна дискриминација спрема лицето [redacted] од Штип и да го поништи Интерниот оглас - број 22.6-505 од 19.12.2023 година во делот Точка 10 и да ја повтори постапката за избор на кандидат за работно

место "Главен инспектор" во Отсек за прикриени човечки извори на информации-Штип, Единица за прикриени човечки извори на инфорамции и за истото писмено да ја извести Комисијата во рок од 60 дена од денот на приемот на ова мислење;

2. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерство за внатрешни работи во иднина при избор на кандидати пријавени на Интерен оглас да врши избор на кандидати со почитување на условите предвидени во огласот и да се воздржи од преземање на дејствија кои претставуваат акт на дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето, дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација од страна на Министерство за внатрешни работи , врз основа на возраст во областа на работа и работни односи.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија Ул. "Димче Мирчев" бр.9, Скопје
-Архива на КСЗД